РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Бр. 02-71/6
Скопје, 02.07.2026 година

ЗАПИСНИК
од четириесет и осма седница одржана на 14.07.2026 година

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Претседател
г-ѓа Марјана Илиеска – Заменик претседател
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска –член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева – член
г-дин Ермон Незири - член
г-ѓа м-р Кети Петкова-член
г-ѓа Зорица Павловиќ –член
г-дин м-р Ненад Савески - член
г-ѓа Светлана Стојковиќ –член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни сите членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на четириесет и осма седница на Советот, по што го предложи следниот:

Дневен ред

1. Усвојување на записник од 47-та седница на Советот
2. Донесување на Деловник за работата на Советот на јавните обвинители на РСМ
3. Донесување на одлука за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Охрид
4. Донесување на одлука за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Дебар
5. Донесување на одлука за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево
6. Донесување на одлука за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Радовиш
7. Донесување на одлука за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кочани

8. Донесување на одлука за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Ресен
9. Донесување на одлука за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Крива Паланка
10. Донесување на одлука за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кочани
11. Донесување на одлука за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје
12. Разно

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот

Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 47-та седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека Деловникот за работата на СЈОРСМ од страна на членовите на бил изработен од страна на членовите на членовите на Советот и воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова кажа дека носењето на нов Деловник за работата на Советот на јавните обвинители на РСМ е обврска која се наметнува од донесениот нов Закон за Советот кој веќе е стапен на сила и во рок од 90 дена Советот требал да донесе подзаконски акти. Констатира дека Законот за Советот на јавните обвинители и Законот за Јавното обвинителство од страна на матичното министерство биле доставени до Собранието на РСМ за усвојување од причина што едниот со другиот се условени за применување и кореспондираат некои заеднички одредби на двата закона, меѓутоа Законот за јавното обвинителство се уште не е донесен, додека Законот за Советот веќе се применува, при изработката на Деловникот членовите на Советот се судриле со проблем дека некои одредби од Деловникот не можат да се применат од причина што не е донесен Законот за јавното обвинителство. кажа дека со подршка на проектот Rule of Law во неколку работилници било работено и конечно е донесен конечниот текст на навиот Деловник за работа на Советот на јавните обвинители на РСМ. Наведе дека со донесувањето на Законот за јавното обвинителство ќе се направат измени на Деловникот поради усогласување со двата закони. Воедно предложи Деловникот за работа на Советот на јавните обвинители на РСМ да биде усвоен од страна на членовите на Советот, а по усвојувањето истиот ќе биде објавен на веб страницата на Советот, а потоа ќе се стапи кон донесување на останатите подзаконски акти со поддршка на проектот Rule of Law на кој му беше изразена јавна благодарност за нивната посветеност и помош.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека Деловникот за работата на Советот на јавните обвинители на РСМ на денешната седница треба да се изгласа, кажа дека откако ќе биде изгласан истиот ќе биде објавен во Службен весник на РСМ и ќе се објави на веб страницата на Советот и со примена на новиот Деловник ќе престане да важи Деловникот за работа на Советот на јавните обвинители на РСМ бр.01-126/1 од 15.10.2020 година. Воедно го стави на гласање за узвојување на Деловникот за работата на Советот на јавните обвинители на РСМ.

Едногласно со 11 гласа ЗА беше усвоен новиот Деловникот за работата на Советот на јавните обвинители на РСМ.

Под точка три од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на огласот за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Охрид се има пријавено еден кандидат и тоа јавниот обвинител во ОЈО Охрид Стојанчо Арнаудоски. Воедно претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со кратката биографија на јавниот обвинител. Кажа дека ги исполнува условите предвидени со закон, дека е кандидат со завршена АСЈО и дека е позитивно оценет по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема Заменик претседателот на Советот г-ѓа Марјана Илиеска кажа дека како член на Комисијата која го спровела интерјуто со кандидатот за ОЈО на ОЈО Охрид и смета дека ги исполнува условите да биде избран за ОЈО на ОЈО Охрид. Кажа дека кандидатот во спроведеното интерју изразил спремност и подготвеност да ги подобри меѓучовечките односи во ОЈО Охрид, како и да даде свој придонес во намалување на заостатокот на предмети во ова јавно обвинителство. Наведе дека веќе има искуство како шеф на ОЈО Струга, а и претходно долги години работел во ОЈО Охрид и смета дека ќе ја оправда довербата на Советот како раководител на ОЈО Охрид.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека согласно новиот Закон за Советот на јавните обвинители членовите ќе гласаат ЗА или ПРОТИВ и согласно чл.50 од секој член при гласањето ќе треба да даде образложение за тоа како гласал.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Охрид. Секој од членовите на Советот при своето гласање согласно член 50 од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ даде образложение за кандидатот и за тоа како гласал.

Кандидатот Стојанчо Арнаудоски доби 11 гласа ЗА

Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на јавниот обвинител Стојанчо Арнаудоски за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Охрид.

Под точка четири од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на огласот за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Дебар се има пријавено еден кандидат и тоа јавниот обвинител на ОЈО Дебар, Неат Црој. Воедно претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со кратката биографија на јавниот обвинител. Кажа дека ги исполнува условите предвидени со закон, дека бил јавен обвинител во ОЈО Дебар и во два мандата раководи со ова јавно обвинителство и дека е позитивно оценет по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова кажа дека била дел од Комисијата која го спровела интервјуто со кандидатот за ОЈО на ОЈО Дебар. Наведе дека кандидатот од 2009 година бил избран за јавен обвинител во ОЈО Дебар, а од 2013 година до сега ја извршува функцијата ОЈО на ОЈО Дебар, јавно обвинителство со основна надежност. Кажа дека лично го познава кандидатот, дека ова јавно обвинителство до сега немало никаков проблем и дека добро е менаџирано од страна на јавниот обвинител и смета дека кандидатот може да се носи со предизвиците што се наметнуваат на оваа позиција и функција.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Дебар. Секој од членовите на Советот при своето гласање согласно член 50 од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ даде образложение за кандидатот и за тоа како гласал.

Кандидатот Неат Цроj доби 11 гласа ЗА

Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на јавниот обвинител Неат Цроj за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Дебар.

Под точка пет од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на огласот за избор на ОЈО на ОЈО Кичево се нема пријавено ниту еден кандидат.

Под точка шест од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на огласот за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Радовиш се има пријавено еден кандидат и тоа јавниот обвинител на ОЈО Радовиш, Биљана Стевчева. Воедно претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со кратката биографија на јавниот обвинител. Кажа дека била ВД ОЈО на ОЈО Радовиш, дека ги исполнува условите предвидени со закон, и дека е позитивно оценета по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова која кажа дека била дел од Комисијата која го спровела интервјуто со кандидатот за ОЈО на ОЈО Радовиш и иако не е координатор за тоа подрачје – ВЈО Штип, кажа дека со нејзината работа е запознаена од страна на колегите кои се координатори за подрачјето на ВЈО Штип, како и од извештаите за работата на тоа Основно јавно обвинителство. Наведе дека од 2021 година откако јавниот обвинител Биљана Стевчева е шеф на ова јавно обвинителство и покрај сите кадровски и останати проблеми со кои се соочува ова јавно обвинителство, успешно се носи со предизвиците и проблемите кои ги наметнува функцијата ОЈО на ОЈО Радовиш. Кажа дека дава надчовечки напори, дека е сама и 365 дена во годината извршува дежурства со ова јавно обвинителство. Воедно наведе дека било упатен апел до СЈОРСМ од страна на јавниот обвинител на ОЈО Радовиш да се реагира во АСЈО и да се надмине проблемот со недостаток на јавни обвинители.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Радовиш. Секој од членовите на Советот при своето гласање согласно член 50 од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ даде образложение за кандидатот и за тоа како гласал.

Кандидатот Биљана Стевчева доби 11 гласа ЗА

Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на јавниот обвинител Биљана Стевчева за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Радовиш.

Под точка седум од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на огласот за избор на Основен јавен обвинител на Основното

јавно обвинителство Кочани се има пријавено еден кандидат и тоа јавниот обвинител на ОЈО Кочани, Борче Јанев. Воедно претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со кратката биографија на јавниот обвинител. Кажа дека во моментот ја извршува функцијата ОЈО на ОЈО Кочани, дека ги исполнува условите предвидени со закон и дека е позитивно оценет по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Јелена Догазанска Колева која кажа дека јавниот обвинител од 2018 година раководи со ОЈО Кочани. Кажа дека ги познава состојбите на кадровска екипираност во ова јавно обвинителство, истакна дека колегата со својата професионалност го раководи ОЈО безпрекорно што може да се види и од месечните и годишните извештаи. Наведе дека ова јавно обвинителство работи со двајца јавни обвинители, без јавнообвинителска служба. Истакна дека исто така е ангажиран во предметот "ПУЛС" каде што дава надчовечки напори со цел да се постигне ефикасност и резултати по овој предмет како и функционирањето на ова јавно обвинителство. Кажа дека дава позитивно мислење и дека ќе го даде својот глас за овој кандидат.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кочани. Секој од членовите на Советот при своето гласање согласно член 50 од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ даде образложение за кандидатот и за тоа како гласал.

Кандидатот Борче Јанев доби 11 гласа ЗА

Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на јавниот обвинител Борче Јанев за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кочани.

Под точка осум од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на огласот за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Ресен се има пријавено двајца кандидати од кој еден од нив не ги исполнува условите за избор на јавен обвинител со што останува еден кандидат и тоа јавниот обвинител Ерол Шериф кој е кандидат со завршена АСЈО и моментално е јавен обвинител во ОЈО Охрид. Воедно претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со кратката биографија на јавниот обвинител. Кажа дека ги исполнува условите предвидени со закон и дека е позитивно оценет по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Ермон Незири кој кажа дека бил дел од Комисијата што го спровела интерјуто. Наведе дека станува збор за кандидат кој веќе една година работи во ОЈО Охрид, дека станува збор за јавен обвинител кој ја разбира кривичната материја, дека е ажурен во својата работа и воедно работи предмети кои биле во надлежност на ОЈО Ресен. Истакна дека овој кандидат живее и потекнува од Ресен и смета дека ја заслужува довербата на Советот за да биде избран за јавен обвинител во ОЈО Ресен.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Ресен. Секој од членовите на Советот при своето гласање согласно член 50 од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ даде образложение за кандидатот и за тоа како гласал.

Кандидатот Ерол Шериф доби 11 гласа ЗА

Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на јавниот обвинител Ерол Шериф за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Ресен.

Под точка девет од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на огласот за избор на еден јавен обвинител во ОЈО Крива Паланка се има пријавено еден кандидат кој не ги исполнува условите за избор на јавен обвинител.

Под точка десет од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на огласот за избор на еден јавен обвинител во ОЈО Кочани се нема пријавено ниту еден кандидат. Со тоа се констатира дека нема да се пристапи кон гласање за избор на јавен обвинител.

Под точка единаесет од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на огласот за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје се има пријавено еден кандидат јавниот обвинител во ОЈО Куманово, Зоран Маркоски. Кандидатот со завршена АСЈО од втората генерација е со вкупен работен стаж од 17 години и 6 месеци. Воедно претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со кратката биографија на јавниот обвинител. Кажа дека ги исполнува условите предвидени со закон и дека е позитивно оценет, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова која кажа дека нема да дискутира за кандидатот лично, туку за проблемот кој го начнала колешката Светлана Стојковиќ, а се однесува на пополнување на јавнообвинителски места со маневр од едно во друго јавно обвинителство. Кажа дека ова е последица од непочитувањето на одлуката од страна на Судскиот совет на РСМ, кога 19 кандидати кои со проекција биле предвидени за јавни обвинители, Судскиот совет објавил оглас за избор на судии и сите кандидати биле избрани за судии наместо за јавни обвинители. Конкретно за кандидатот кажа дека била член на Комисијата што го спровела интервјуто со кандидатот, дека има прекрасни впечатоци за кандидатот и со оглед на неговото работно искуство и долги години е јавен обвинител во ОЈО Куманово. Истакна дека има работено и постапувано по предмети во ОЈО Крива Паланка. Од тие причини, а со оглед дека истиот е и со место на живеење во Скопје, смета дека овој кандидат ги поседува сите карактеристики кои што се потребни да биде избран за јавен обвинител во ОЈО Скопје.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје. Секој од членовите на Советот при своето гласање согласно член 50 од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ даде образложение за кандидатот и за тоа како гласал.

Кандидатот Зоран Маркоски доби 11 гласа ЗА

Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на јавниот обвинител Зоран Маркоски за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје.

Под точка разно од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа од причина што не е избран ОЈО на ОЈО Кичево, Советот ќе треба да донесе одлука согласно чл.50 од Законот за Советот за објавување на оглас за избор на ОЈО на ОЈО Кичево и истиот да биде објавен после годишните одмори.

Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Откако под точка разно од дневниот ред никој не зема збор претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја заклучи четириесет и осмата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Башким Бесими